Елиминација на мачењето и нечовечкото постапување во затворите и установите за лишување од слобода

## ПРВ ИЗВЕШТАЈ ЗА

# СОСТОЈБАТА И УСЛОВИТЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 1 АВГ. – 1 ОКТ. 2020



СКОПЈЕ, 2021

# ПРВ ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА И УСЛОВИТЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОД ОД 1 АВГУСТ ДО 1 ОКТОМВРИ 2020 ГОДИНА

ЕЛИМИНАЦИЈА НА МАЧЕЊЕТО
И НЕЧОВЕЧКОТО ПОСТАПУВАЊЕ
ВО ЗАТВОРИТЕ И УСТАНОВИТЕ
ЗА ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА

Скопје, 2021

**Издавач:** Хелсиншки комитет за човекови права, претставувано од Проф д-р Неда Здравева

**Уредничка:** Проф д-р Александра Груевска-Дракулевски

**Наслов на публикација:** ПРВ ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА И УСЛОВИТЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОД ОД 1 АВГУСТ ДО 1 ОКТОМВРИ 2020 ГОДИНА

**Автори:** Ина Џугуманова, Ирена Здравкова, Арбен Гудачи, Сибел Амет

**Лектор:** Симона Груевска-Мацоска

**Графички дизајн и печатење:** Масива Дооел Скопје

**Место:** Скопје | **Година на изданието:** 2021 | **Тираж:** 100 примероци

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.72/.73.037:343.81(497.7)"2020"(047.31)

ПРВ извештај за состојбата и условите во казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија за период од 1 август до 1 октомври 2020 година / [автори Ина Џугуманова ... и др.]. - Скопје : Хелсиншки комитет за човекови права, 2021. - 45 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Други автори: Ирена Здравкова, Арбен Гудачи, Сибел Амет. - Содржи и: Анекс 1

ISBN 978-608-4790-81-5

1. Џугуманова, Ина [автор] 2. Здравкова, Ирена [автор] 3. Гудачи, Арбен [автор] 4. Амет, Сибел [автор]

а) Казнено-поправни установи -- Човекови права -- Заштита -- Македонија -- 2020 -- Истражувања б) Воспитно-поправни установи -- Човекови права -- Заштита -- Македонија -- 2020 -- Истражувања

COBISS.MK-ID 53040133

ЕУ со ТЕБЕ

Проектот е финансиран од Европската Унија.

Македонско здружение на млади правници

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на МЗМП и на никаков начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........................................................................................1

МЕТОДОЛОШКА РАМКА ........................................................................4

ГЕНЕРАЛНИ НАОДИ ОД ПОСЕТИТЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ..............................................6

- КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ВЕЛЕС / ВОСПИТНО-ПОПРАВЕН ДОМ ЗА ЖЕНСКИ ЛИЦА ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО ..........6
- КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ШТИП ..........................................10
- КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ПРИЛЕП ........................................15
- КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ОД ОТВОРЕН ВИД СТРУГА ...............17
- ЗАТВОР БИТОЛА ..............................................................19
- ЗАТВОР ГЕВГЕЛИЈА ...........................................................22
- ЗАТВОР КУМАНОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО КРИВА ПАЛАНКА ..........................................................24
- ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО КРИВА ПАЛАНКА ВО РАМКИ НА ЗАТВОРОТ КУМАНОВО ..........................................27
- ЗАТВОР ОХРИД / ВОСПИТНО-ПОПРАВЕН ДОМ ТЕТОВО ..............29
- ЗАТВОР СКОПЈЕ ...............................................................34
- ЗАТВОР СТРУМИЦА ..........................................................37
- ЗАТВОР ТЕТОВО ...............................................................39

ГЕНЕРАЛНИ ПРЕПОРАКИ ....................................................................42

АНЕКС 1 – Табеларен приказ на мониторинг-посетите[i] ......................44

# ВОВЕД

Овој извештај е подготвен во рамките на проектот „Елиминација на мачењето и нечовечкото постапување во затворите и установите за лишување од слобода", финансиски поддржан од Европската Унија. За целите на проектот е склучен Меморандум за соработка помеѓу Македонското здружение на млади правници, Хелсиншкиот комитет за човекови права и Управата за извршување на санкции.

Република Северна Македонија сè уште се бори да воспостави ефикасни внатрешни и надворешни механизми за спречување и гонење на вршителите во сите случаи на тортура и нечовечко постапување во затворите и установите за лишување од слобода. Впрочем, целта на овој проект е да ги адресира системските проблеми во обезбедувањето заштита на лицата лишени од слобода од секаков вид тортура, нечовечко постапување и казнување, да ги идентификува клучните предизвици за воспоставување на ефикасен механизам за заштита на човековите права на лицата лишени од слобода и да ги приоретизира мерките потребни за воспоставување на таков механизам.

Извештајот се базира на теренски посети извршени од страна на претставници на Хелсиншкиот комитет за човекови права и претставници од Македонското здружение на млади правници. Потребата од спроведување на теренски посети со цел утврдување на фактичката состојба во казнено-поправните установи произлезе од фактот што овие установи долго време беа непристапни за експертската јавност поради пандемијата од КОВИД-19, а воедно беа предмет на константна критика од страна на домашните и на меѓународните организации за заштита на човековите права. Состојбата во затворите може да стане многу критична доколку во установите навремено не се преземат мерки против ширење на КОВИД-19. Во врска со преземените мерки за заштита од КОВИД-19, од страна на Управата за извршување на санкции сме известени дека е донесена наредба која е доставена до сите казнено-поправни и воспитно-поправни установи, а со која: привремено се забранети погодностите за осудените лица што значат почести контакти со семејството посети во и надвор од установата, домашно отсуство, годишен одмор и работно ангажирање надвор од установата. Од страна на Управата за извршување на санкции до сите казнено-поправни установи се доставени и препораки во насока на справување со КОВИД-19. За спроведување на протоколите во секоја казнено-поправна и воспитно-поправна установа се применуваат следните мерки: секојдневна дезинфекција на просториите во кои престојуваат осудените лица, доделување пакети за лична хигиена на секое осудено лице, поставени се препарати за дезинфекција на влезот во секоја установа за дезинфекција на раце и обувки, набавени се бесконтактни топломери со кои редовно се

контролира телесната температура на осудените лица, ставено е во изолирана просторија секое новодојдено осудено или притворено лице во период од 14 дена. Потенцирано е дека до 5 мај 2020 година во македонските казнено-поправни установи нема заболени од КОВИД-19, а по смртниот случај во Затворот Скопје, за кој посмртно било утврдено дека бил позитивен, сите направени тестови во установата биле негативни. До моментот на објавување на овој извештај, позитивни случаи на КОВИД-19 се регистрирани само во КПД Идризово и КПД Штип.

Позитивно е што за време на посетите од страна на тимот беше утврдено дека во скоро сите казнено-поправни установи се преземаат мерки за заштита од ширење на КОВИД-19, особено во насока на дезинфекција на просториите. Понатаму, во речиси сите посетени установи доделени се хигиенски пакети на осудените лица, а се врши и редовна проверка на телесната температура на осудените лица и на службените лица кои работат во установите. Подоцна, поради олабавување на мерките во државата, во речиси сите посетени установи беа дозволени посети на осудените лица однадвор, а генерално им беше дозволено и користење на редовните погодности за кои исполнуваат законски услови.

Сепак, загрижува фактот во врска со ефикасноста од спроведувањето на мерките за заштита во казнено-поправните установи кои сè уште се соочуваат со ризик од пренатрупаност, а во врска со обезбедување простории за изолација на лицата кои во никој случај не треба да се поистоветуваат со просториите за издржување на дисциплинската мерка самица, како и во установите во кои хигиенските услови се на најниско ниво поради проблеми со редовно снабдување со вода.

Издвојуваме неколку од препораките што се особено важни за затворскиот систем, а на кои сметаме дека не е посветено доволно внимание од страна на посетените установи:

- Обезбедување простории за самоизолација на лицата кои ќе покажат симптоми на КОВИД-19 во рамките на секоја казнено-поправна и воспитно-поправна установа.
- Изрекувањето мерка упатување во самоизолација не смее да наликува и да се изедначи со дисциплинската казна самица и потребно е да се овозможи лицата лишени од слобода навремено да ги пријавуваат симптомите со што ќе се постигне продуктивноста на мерката, односно спречување на ширење на вирусот врз сите лица лишени од слобода.
- Просторијата за самоизолација во сите установи да ги исполнува стандардите на КПТ во однос на разумна големина на просторијата, природна светлина, вентилација, чист душек, ќебиња итн.
- Фундаменталните права на осудените лица како право на лекар, право на чист воздух и право на адвокат не смеат да трпат

ограничувања и надлежните институции мора да направат напори да им ги обезбедат овие права. Ограничувањата на средби со семејствата на лицата и надворешниот свет треба да бидат компензирани со дозвола на лицата за користење на телефони или интернет-комуникација.

Пенитенцијарниот систем сè уште се соочува со големи проблеми и предизвици, особено во поглед на материјалните услови, здравствената заштита, образованието и ресоцијализацијата на осудените лица. Во таа насока, извештајот содржи резиме од остварениот теренски мониторинг, фокусирајќи се на напредокот и главните предизвици документирани за време на посетите, како и предизвиците во врска со здравствената заштита и правата на осудените лица кои треба да ги уживаат и за време на пандемијата од КОВИД-19. Извештајот воедно содржи и препораки за секоја казнено-поправна и воспитно-поправна установа, како и генерални препораки за надлежните институции во насока на подобрување на состојбите и условите во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

# МЕТОДОЛОШКА РАМКА

Целта на извештајот е да даде детален опис на состојбите и условите во казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Северна Македонија. Извештајот се базира на теренски посети во сите 11 казнено-поправни установи и воспитно-поправниот дом во државата чија цел е документирање на состојбата во установите што се предмет на посета, материјалните услови во кои осудените лица издржуваат казна затвор, хигиената во установите, слободните активности што ги имаат осудените лица, контактите со надворешниот свет, пристапот до здравствена заштита, процесот на ресоцијализација, како и внатрешниот механизам за заштита, пријава и гонење на сите случаи на тортура и нечовечко постапување во установите. За време на посетите, посебен фокус е ставен на мерките преземени од страна на надлежните против ширење на КОВИД-19 во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

Притоа, станува збор за претходно најавени посети, согласно со одобрен план за посети од страна на Управата за извршување на санкции. Посетите се спроведени во месеците август и септември 2020 година.

Претставниците на Хелсиншкиот комитет за човекови права и Македонското здружение на млади правници за време на посетите се водеа од воспоставените меѓународни стандарди и индикатори за човековите права на лицата лишени од слобода, како што се: Стандардните минимални правила за постапување со затвореници на Обединетите нации (Правилата Нелсон Мандела)[1] Европските затворски правила,[2] Стандардите на Европскиот комитет за превенција на тортура (КПТ)[3] и сл., а воедно земајќи го предвид Законот за извршување на санкциите[4] и важечките подзаконски акти во оваа област.

Теренските посети во казнено-поправните и воспитно-поправните установи се спроведуваат врз основа на претходно утврдена методологија која се фокусира на: третманот на лицата лишени од слобода (нечовечко постапување, употреба на сила и средства на присилба), материјални услови и остварување на правата на осудените лица (исхрана, осветлување, греење, вентилација, санитарни јазли, лична хигиена, облека, постелнина, сместување), слободни активности, здравствена заштита и слично.

Мониторинг-тимот е составен од правници, а на некои од посетите во тимот беа вклучени и адвокати кои покрај обезбедување директна правна

[1] United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Nelson Mandela Rules), A/RES/70/175. Достапно на: https://undocs.org/A/RES/70/175. Пристапено на: 9.10.2020 година.

[2] Recommendation Rec(2006)2 of the Committee of Ministers to member states on the European Prison Rules. Достапно на: https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectID=09000016805d8d25. Пристапено на: 9.10.2020 година.

[3] https://www.coe.int/en/web/cpt/standards#prisons. Пристапено на: 9.10.2020 година.

[4] Закон за извршување на санкциите (Службен весник на РСМ бр.99/2019 и 220/2019).

помош на осудените лица, обезбедуваа и согласност од осудените лица за нивно застапување пред надлежните судови со цел остварување и заштита на нивните права. Притоа, дадената правна помош и застапување не се однесува на кривичното дело за кое се осудени лицата.

По спроведување на посетите се изготвуваат интерни извештаи кои се доставуваат до Управата за извршување на санкции која има можност да достави свои коментари и забелешки по наводите и препораките за секоја поединечна посета. Во најмалку три установи каде се забележани најголем број недостатоци и пропусти, се планирани последователни посети од страна на мониторинг-тимот.

# ГЕНЕРАЛНИ НАОДИ ОД ПОСЕТИТЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

# КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ВЕЛЕС / ВОСПИТНО-ПОПРАВЕН ДОМ ЗА ЖЕНСКИ ЛИЦА ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО

## Општи податоци

КПД Идризово е установа од затворен вид во која се извршува казната затвор во траење подолго од три години, како и казната затвор подолго од една година за повторници кои порано биле осудувани на казна затвор. Единствено во КПД Идризово постои посебно одделение за женски лица каде казната затвор ја издржуваат женски лица од целата територија на Република Северна Македонија, кои се осудени со правосилна пресуда на казна затвор. Исто така, во КПД Идризово се извршува и казната доживотен затвор изречена на машки и женски лица. Во рамки на установата има и посебно одделение за издржување казна затвор изречена за машки и женски лица странски државјани и лица без државјанство. Во рамките на КПД Идризово има и посебно одделение за осудени женски лица.

На 10 август 2020 година беше остварена посета на КПД Идризово. КПД Идризово има капацитет од 1253 легла, а во моментот на посетата беа присутни 1082 осудени лица. Од вкупниот број осудени лица во моментот на посетата, 42 беа жени затворенички.

Дополнителна посета за правна помош со осудени лица е реализирана на 21 август 2020 година.

## Материјални услови и остварување на правата на осудените лица

Во однос на просторните капацитети, материјалните услови и хигиената, беше забележана влага, мувла и непријатна миризба во старите делови од установата, колоквијално „Зграда" и „Амбуланта". Во „Зграда" беше нотирана пренатрупаност во просториите за сместување, конкретно во ката. Заедничките тоалети беа нечисти и оттаму се ширеше лоша миризба, а тушевите се импровизирани со кофи и се направени од самите затвореници.

ката. Заедничките тоалети беа нечисти и оттаму се ширеше лоша миризба, а тушевите се импровизирани со кофи и се направени од самите затвореници.

За време на посетата беа посетени новите објекти во КПД Идризово кои се предвидени за сместување на 546 осудени лица. Новите згради се предвидени како објекти за отворено и полуотворено одделение, со четворокреветни ќелии и во согласност со меѓународните стандарди. Во моментот на посетата во новите објекти беа сместени околу 200 осудени лица.

Во поглед на слободните активности, осудените лица поминуваат два часа надвор од ќелиите, а посета е дозволена двапати во текот на месецот. КПД Идризово има ограден двор во кој осудените лица го поминуваат своето слободно време, меѓутоа нема услови за други слободни активности во старите делови од затворот, освен за прошетка. Други рекреативни/слободни активности вклучуваат фудбалски и кошаркарски натпревари, библиотека, теретана, пинг-понг и шах и друго.

Според податоците добиени од страна на директорот на установата, околу 50 % од вкупната популација е работно ангажирана внатре во установата За жал, голем дел од работилниците кои функционираа во минатото се нефункционални подолг период, оневозможувајќи им на осудените лица да се стекнат со вештини кои би им биле од корист по отпуштањето од установата.

## Здравствена заштита

Во однос на здравствената заштита, КПД Идризово располага со два општи лекари, еден психијатар (кој доаѓа во одредени денови), три медицински сестри и еден стоматолог. Медицинскиот персонал работи само во работни денови, во една смена, од 7:30 до 15:30 часот и е надлежен за обезбедување примарна здравствена заштита на сите осудени лица во КПД Идризово. Во моментот на посетата, бевме информирани дека има еден заболен од КОВИД-19.

## Поплаки од затвореници и пружање правна помош

Во рамките на посетата, на пет осудени лица им беше обезбедена директна правна помош во врска со определено правно прашање и беа запознаени со механизмите за заштита од тортура и нехуман третман.

Другите осудени лица со кои се изврши разговор претежно се жалеа на општите услови во установата и побараа правен совет во врска со користење на погодности за време на издржување на казната. На 21 август 2020 година е извршена дополнителна посета при што е разговарано само

со две осудени лица со кои тимот веќе разговараше при претходната посета. Од страна на установата бевме информирани дека ниту едно друго осудено лице не побарало правна помош, така што КПД Идризово, иако е установа со најголем број осудени лица кои издржуваат казна затвор, досега има мал број лица со кои е разговарано од страна на нашите правници и адвокати.

За време на посетата, тимот доби информација дека осудените лица имаат можност за посети во установата. Генерално, осудените лица кои исполнуваат услови можат да користат погодности кои се состојат од излез од установата.

## Женско одделение

Посебното одделение во КПД Идризово за жените кои издржуваат казна затвор (во натамошниот текст: женско одделение) функционира како посебен одвоен објект во КПД Идризово. Во рамки на женското одделение функционира и воспитно-поправен дом за женски лица. За време на посетата ниту едно девојче не издржуваше мерка упатување во воспитно-поправен дом.

Женското одделение има три различни безбедносни режими поделени во два блока: полуотворено и отворено одделение, и затворено одделение. Во поглед на просторните капацитети, материјалните услови и хигиената, полуотвореното и отвореното одделение содржи мал ходник и четири соби за сместување на затвореничките. Капацитетот на одделението е 15 легла, а во моментот на посетата беа затекнати осум затворенички. Сите соби имаат големи прозорци за природна светлина и беа опремени со телевизори кои затвореничките сами ги донеле. Постелнината на креветите во голем дел е донесена од страна на семејствата на затвореничките, иако и затворот има можност да обезбеди постелнина за секоја затвореничка. Според информациите од вработените, сите соби се поврзани со централното греење на затворот, иако во голем дел од собите беа забележани дополнителни грејни тела кои биле донесени од затвореничките.

Затвореното одделение содржи 14 соби за сместување на затворенички и ходник со шкафови означени со имиња кои служат за личните предмети на затвореничките. Капацитетот на затвореното одделение изнесува 55 легла, а за време на посетата беа сместени 34 затворенички. Затвореното одделение има две простории за самица, складиште за стари материјали, две празни соби со решо кои служат како дневни кујни, два тоалета и еден тоалет опремен со туш-кабини, како и пералница. Собите во затвореното одделение се опремени со најмногу пет кревети во една соба. Сите соби имаат соодветна дневна светлина, меѓутоа има пукнатини на ѕидовите од влагата и непријатна миризба во сите соби. Во сите соби беа забележани

храна и пијалаци, а некои од осудените лица поседуваат фрижидери за складирање на храната, додека другите ги чуваат овие предмети надвор на отворено. Затвореното одделение има четири туш-кабини со скршени врати, од кои едната туш-кабина воопшто не е функционална, додека прозорците се скршени и влегува студен воздух однадвор.

Во однос на работниот ангажман и слободните активности, жените затворенички најчесто се вклучени во вокациски активности и образование, како што се часови по шиење и фризер, како и со нивно ангажирање во кујната и пералницата. На прашањето во какви активности се вклучени затвореничките, беше истакнато дека покрај обуките за шиење и фризер, ангажирани се во кујната, пералницата, управната зграда, а останатите се задолжени за хигиената во ходниците и тоалетите. Женското одделение нема услови, ниту пак програми за исполнување на слободното време на затвореничките. Дворот во женското одделение не овозможува простор за вежби и рекреација, освен за прошетка и трчање. Дури и овие активности се ограничени поради тоа што дворот е мал и нема соодветен покрив во случаи кога временските услови се непогодни.

## Препораки

- Да се превенира  евентуална пренатрупаност во установата што во ситуација на новозаболени осудени лица може да предизвика брзо ширење на КОВИД-19 меѓу нив, а тоа да го оптовари целиот здравствен систем.
- Итно да се преземат мерки за подобрување на материјалните услови во делот „Зграда“ и „Амбуланта“, бидејќи истите се нехумани и деградирачки за осудените лица.
- Да се подобри пристапот на осудените лица до доктор и здравствена заштита и да се обезбедат почести посети на доктор во установата за осудените лица да можат навремено да пријават симптоми на КОВИД-19.
- Да се направат напори работилниците да се стават повторно во функција за осудените лица да можат да се стекнат со работни вештини.

# КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ШТИП

## Општи податоци

КПД Штип е установа од затворен вид во која се извршува казната затвор во траење подолго од три години, како и казната затвор подолго од една година за повторници порано осудувани на казна затвор.

На денот на посетата, 18 август 2020 година, казна затвор издржуваа 212 осудени лица, а вкупен капацитет на установата е за 210 осудени лица. Дополнителна посета во врска со обезбедување правна помош на осудените лица е спроведена на 14 септември 2020 година.

Во КПД Штип се вработени вкупно 96 лица – затворска полиција, од кои три се жени. За време на посетата е разговарано со еден воспитувач и двајца правници. Вкупно има пет лица ангажирани во Секторот за ресоцијализација.

## Материјални услови и остварување на правата на осудените лица

Административниот дел од зградата се наоѓа од десната страна на влезот од установата и тука е канцеларијата на директорот и другите административни канцеларии. На десната страна се наоѓа и објектот што се користи како амбуланта. Објектот е реновиран и хигиената е на подобро ниво за разлика од хигиената во сместувачките капацитети.

Просториите за издржување на дисциплинската казна самица се наоѓаат во зградата каде е сместено и затвореното одделение. Според командирот, вкупно три простории се користат за извршување на дисциплинската казна самица. Секоја просторија е двокреветна. За време на посетата, тимот затекна три лица кои беа сместени во две различни простории. Две лица беа сместени во заедничка самица, по нивно кажување доброволно, поради тоа што во делот каде тие биле сместени пукнала водоводна цевка и на денот на посетата во оваа просторија се сместени веќе пет дена. Осудените лица не беа информирани кога ќе се санира штетата за повторно да се вратат во полуотворениот дел. Тие немаа поплаки во однос на условите во таа просторија и не сакаа да разговараат со тимот.

Во другата просторија беше затекнато лице кое по кажување на командирот доброволно сакало да се префрли во оваа просторија, бидејќи се чувствувало вознемирено во делот во кој било сместено. Истото изјави дека поради условите во просторијата, која всушност е самица, не сака да престојува повеќе таму и неколку дена се обраќа до командирот, но одговорот на командирот е дека самиот сакал доброволно психички да се одмори, па затоа е сместен таму. По укажување на тимот, командирот изјави дека има простор и ќе се премести најскоро во делот во кој претходно престојувал.

Сместувањето на лицата во овие простории е во крајно понижувачки и деградирачки услови и во никој случај не смее да се сместуваат две лица во ваков тип на просторија во која нема приватност ниту за остварување на основните физиолошки потреби. Сместувачките капацитети во овие простории, заедно со другите сместувачки капацитети, не ги исполнуваат минималните стандарди за големината на просторијата сметано по осудени лица, а дел од просториите не ги исполнуваат стандардите во однос на влажност, осветлување и вентилација.

Ваквиот тип сместување на лицата во самици наменети за издржување на дисциплинската казна самица е несоодветен, пред сè, поради неизвесноста на времетраењето на престојот за лицата.

Сместувачките капацитети во полуотвореното одделение не ги исполнуваат минималните стандарди за големина на просторијата. Во неколку од просториите се сместени седум лица што е повеќе од капацитетот на просторијата.

Речиси сите простории се опремени со телевизор, плакари, маса и столчиња.

На првиот кат во полуотвореното одделение е реновирана една просторија и истата се користи како библиотека. Во библиотеката има избор на книги, маси и столчиња.

Затвореното одделение се наоѓа во посебна зграда, одделена од другиот простор со посебен двор за прошетка на осудените лица. На секој кат има по три простории за дневен престој. Овие простории се различно опремени во трите крила. Во првото крило кое се наоѓа на првиот кат, едната просторија за дневен престој се користи како теретана и има справи за вежбање. Втората просторија се користи како кујна и има два фрижидера, шпорет, маса, столчиња и сè друго што е неопходно за нормално функционирање. Третата просторија се користи како ТВ-сала и е опремена со најсовремен телевизор, маса, столчиња и сл. На катот има тоалет и бања во кои хигиената е на задоволително ниво. На сите триката има нови фрижидери. За разлика од првото крило, во второто крило, во кое се сместени претежно осудени лица од ромска националност, условите се многу полоши. Се забележува многу отпад по ходниците и лоша миризба. Според затворската полиција, тоа се должи на неодржување на просториите од страна на самите осудени лица. Просториите за сместување се во лоша состојба и во кујната има само решо за готвење. Тоалетот е во многу лоша состојба, но, по кажување на командирот, во план е да се започне со реновирање на истото. Во сите крила лебот беше ставен на полици без да биде спакуван соодветно и да се води грижа за стандардите за чување на храната. Во теретаната нема ниту една справа за вежбање, во дневната соба нема ни столчиња, ниту маса, па дури ни телевизор. Третата просторија е затворена и воопшто не се користи.

Во третото крило кое се наоѓа на третиот кат, условите во трите простории се далеку подобри од условите во второто крило, но, исто така, далеку полоши од условите во првото крило. Разликата во трите крила е евидентна.

## Здравствена заштита

Во установата има ангажирано доктор кој е со работно време во затворот. Тимот изврши разговор со докторот кој истакна дека нема доволно лекови и некогаш осудените лица ги плаќаат самите. Дополнително ни укажа за две осудени лица за кои дал и свое мислење дека треба да добијат прекин на издржувањето на казната поради лекарски интервенции, но истите биле одбиени. Лицето кое достави претставка до Хелсиншкиот комитет за човекови права наведе дека има проблеми со дишењето и има потреба да изврши интервенција, за што има и мислење од лекарот во затворот. По инсистирања на лицето да се однесе на лекар во болницата во Штип, добиено е само известување од Здравствен дом Штип дека не е можно да се прават такви интервенции поради пандемија со КОВИД-19. Според тврдењето на заменик-директорот, редовно се предаваат сите поднесени жалби и поплаки, а има и посебни сандачиња кои може да ги користат осудените лица, за кои клуч има само Народниот правобранител.

Тимот разговараше и со сестрата која нѐ извести дека веќе е ангажиран доктор стоматолог и нема потреба да ги носат осудениците во градот Штип, освен за посериозни интервенции.

## Поплаки од затвореници и пружање правна помош

Во рамките на посетата извршена на 1 септември 2020 година, на 14 осудени лица им беше обезбедена директна правна помош во врска со определено правно прашање и беа запознаени со механизмите за заштита од тортура и нехуман третман.

Од група осудени лица, поточно од 11 осудени лица бевме известени дека од април/мај 2020 година се јавуваат предизвици и нејаснотии во врска со примената на членот 12 од Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи.[5] Имено, овој член го регулира прашањето за разместувањето на осудените лица во установите од затворен тип, при што предвидува дополнителен услов за осудените лица кои имаат сторено одредени дисциплински повреди, а тоа е да имаат издржано ¾ од вкупниот дел од казната. Осудените лица кои го истакнаа проблемот со примената на оваа одредба од Правилникот се лица кои извршиле бегства, обид за бегства, ненавремено враќање од прекин на казната пред стапување во сила на Правилникот, односно во 2016, 2018 и 2019 година, а за сторената

[5] Службен весник на Република Северна Македонија бр.87 на 2 април 2020 година.

дисциплинска повреда им била изречена дисциплинска казна. Сите овие осудени лица се оневозможени да користат погодности надвор од установата. Оваа одредба и нејзината практична примена има за последица ретроактивно важење на Правилникот за состојби пред негово донесување, на штета на осудените лица со кои се создава правна несигурност.

Поспецифична поплака во однос на работното ангажирање имавме од осудено лице кое со свои материјали и труд изготвува свои дела и потоа истите му се земаат од страна на затворската полиција за малку пари или во некои случаи и без надоместок. Доколку не се согласи, делата му се оштетуваат и истите губат вредност.

За време на посетата, во разговор со осудените лица е добиена информација дека осудените лица имаат можност за посети, како и користење на погодности што се состојат од излез од установата, освен лицата кои ги истакнаа проблемите во врска со новиот Правилник за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи.

## Препораки

- Соодветно опремување и одржување на просториите во сите три крила со цел да можат да ги исполнуваат условите потребни за издржување на казна затвор на осудените лица.
- И покрај тоа што има напредок во намалувањето на бројот на осудени лица кои издржуваат казна во установата, препораката е и понатаму да се внимава да не се надмине капацитетот на сместување во установата, бидејќи во услови на пандемија и новозаболени лица, тоа може да се одрази на побрзо ширење на КОВИД-19 меѓу осудените лица.
- Итно да се преземат мерки за подобрување на материјалните услови во крилото 2 во затворениот дел, особено заедничкиот тоалет кој е во многу лоша состојба.
- Осудените лица без изречена дисциплинска казна самица да не се сместуваат во просториите што се наменети за издржување на дисциплинската мерка самица. Сместувањето на две лица со неизречена дисциплинска мерка самица во иста просторија наменета за издржување на дисциплинската мерка самица е нехумано и деградирачко и влијае на физичкиот и на моралниот интегритет на личноста (на пример, осудените лица не можат да ги остварат своите физиолошки потреби).

- Да се донесе нов Правилник за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи со цел доуредување на прашањата поврзани со сите состојби кои настанале пред неговото стапување во сила.
- Обезбедување пристап на осудените лица до здравствена заштита и надвор од установата во случаи кога тоа е констатирано од лекар вработен во установата, а медицинската интервенција не може да се изврши поради рестрикции на Домот за јавно здравје Штип во однос на примање пациенти во услови на пандемијата од КОВИД-19. Министерството за здравство да преземе мерки за редовна набавка на потребните лекарства за медицинска терапија на осудените лица со здравствени проблеми кои во недостиг ги набавуваат приватно.

# КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ПРИЛЕП

## Општи податоци

Со новиот Закон за извршување на санкциите од 2019 година, казнено-поправната установа во Прилеп е казнено-поправен дом од затворен вид во кој се извршува казната затвор во траење подолго од три години, како и казната затвор подолго од една година за повторници порано осудувани на казна затвор.

На 3 септември 2020 година беше остварена еднодневна посета на КПД Прилеп. Во установата има капацитет за околу 110 лица. Во моментот на посетата бројот на затвореници изнесуваше 87 лица, од кои 1 лице беше странски државјанин. Во КПД Прилеп има 71 вработено лице, од кои 45 униформирани лица и 4 воспитувачи. Нема вработено правник, а правната помош ја обезбедуваат вработените во секторот за ресоцијализација.

## Материјални услови и остварување на правата на осудените лица

Во КПД Прилеп има приемно одделение (две соби), отворено одделение (шест соби), полуотворено одделение (седум соби) и затворено одделение (четири соби), теретана, занимална, пералница, кујна, трпезариска просторија, просторија за преглед и посети, амбуланта и аптека, шеталиште и фарма.

Во казнено-поправниот дом од оваа година повеќе нема притворско одделение, а просторот е пренаменет во изолационен дел од затворен тип, каде во моментот на посетата поради безбедносни причини се наоѓаше едно лице. Капацитетот на изолациониот дел е за осум лица, а собите се потполно реновирани. Една од собите која ја посетивме, а во која се наоѓаше лицето кое е таму сместено, имаше кревет, телевизор, масичка, тоалет, ѕидовите беа бојадисани, а хигиената беше на задоволително ниво.

Просторијата за прошетка на осудените лица кои се сместени во овој дел е отворен простор ограден со висок бетонски ѕид. Просторот беше празен без никакви реквизити за рекреативни активности. Шеталиштето за останатите осудени лица е пространо, со маси и клупи за седење и со два спортски терени за фудбал и кошарка.

Просториите во отвореното и полуотвореното одделение во кои се сместени осудените лица се со релативно задоволително ниво на хигиена, со доволно големи прозори од каде влегува дневна светлина и можност за проветрување. Собите се опремени со кревети, масички, столчиња, грејни тела, а во некои од собите има и телевизори.

Во просториите нема инсталирано систем за повикување/алармирање поради што во случај на итност осудените лица треба да ги повикуваат

вработените со викање или тропање на вратите.

Заедничките тоалети беа затекнати во многу лоша состојба, со високо ниво на влага и ниско ниво на хигиена. Можеше да се забележи вода по подот на тоалетите, како и скршени огледала.

## Здравствена заштита

Здравствената заштита во КПД Прилеп се обезбедува преку еден лекар, невропсихијатар, кој доаѓа во установата еднаш во неделата, и две медицински сестри кои се работно ангажирани во установата со осумчасовно дневно работно време. Стоматолошки услуги на осудените лица им се обезбедуваат преку итната медицинска помош.

## Поплаки од затвореници и пружање правна помош

Во рамките на посетата на девет осудени лица им беше обезбедена директна правна помош во врска со определено правно прашање и се запознаени со механизмите за заштита од тортура и нехуман третман.

Од еден странски државјанин кој издржува казна затвор во оваа установа ни беше укажано дека странските државјани во овој, но и во сите други затвори, не можат да ги користат погодностите како другите осудени лица кои се македонски државјани. Осудено лице се пожали дека има туберкулоза која ја добил за време на престојот во установата и за која бара прекин на казната за да се лекува.

За време на посетата тимот доби информација дека осудените лица имаат можност за посети во установата. Генерално, осудените лица кои исполнуваат услови можат да користат погодности што се состојат од излез од установата.

## Препораки

- Итна замена или санација на нефункционалните санитарии во заедничките тоалети и одржување на нивната хигиена.
- Опремување со реквизити на шеталиштето за осудените лица кои се сместени во изолациониот дел - затвореното одделение за да можат продуктивно да го поминуваат своето слободно време надвор.
- Во просториите на осудените лица да се инсталираат системи за повикување/алармирање во случаи на итност.
- Да се подобри пристапот на осудените лица до доктор и здравствена заштита за да можат осудените лица навремено да пријаваат симптоми на КОВИД-19.
- Да се обнови библиотеката која изгорела во подметнат пожар.

# КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ОД ОТВОРЕН ВИД СТРУГА

## Општи податоци

КПД Струга е казнено-поправна установа од отворен вид во која се извршува казната затвор за осудени лица за кривични дела извршени од небрежност и за други кривични дела на осудени лица на казна затвор до три години, доколку основано може да се очекува дека постапувањето во овие установи одговара на карактерот на кривичното дело и личноста и дека во овој вид установа со чувство на лична одговорност ќе ги извршуваат своите обврски и нема да го злоупотребат престојувањето.

Мониторинг-тимот на 10 септември 2020 година спроведе еднодневна посета на КПД Струга.

Установата е со капацитет од 60 лица. Во моментот на посетата во установата, казна затвор издржуваа вкупно 19 лица од кои 7 се работно ангажирани надвор од установата. Вкупно лица вработени во затворска полиција се 12, во секторот за ресоцијализација се вработени 3 лица и 1 правник. Затворската полиција работи во две смени по 12 часа дневно.

## Материјални услови и остварување на правата на осудените лица

Во КПД Струга има вкупно 12 соби со по две, три и четири легла. Просториите беа затекнати во солидни услови со задоволително ниво на хигиена. Во установата има и заеднички тоалети од кои во функција беа само два туша, а вратите во заедничките тоалети беа скршени.

Од страна на директорот на установата беше истакнато дека најголем проблем со кој се соочуваат е немањето греење во зимскиот период. Тој нѐ информираше дека во текот на зимата, просториите се загреваат со греалки поради што установата одвојува огромна сума средства за плаќање на сметките за струја. Исто така, како проблем беше истакнат и провевот со кој се соочуваат зимно време поради скршените прозорци во ходниците на установата.

## Здравствена заштита

Здравствената заштита во КПД Струга се обезбедува преку Итната медицинска помош. По потреба, во установата доаѓа лекар еднаш неделно.

## Поплаки од затвореници и пружање правна помош

За време на посетата едно од осудените лица побара да му се обезбеди хуманитарна помош во облека, бидејќи истиот нема која да му ја обезбеди,

а установата, исто така, нема средства. Од страна на установата бевме известени дека уште две други осудени лица се во слична состојба и дека доколку најдеме начин би било добро да помогнеме на овие три лица. За нив, исто така, се истакна потребата за обезбедување на постпенална помош како социјална помош и сместување по нивното издржување на казната.

### Препораки

- Итно решавање на проблемот со греењето во установата.
- Итна санација на скршените прозори од каде се шири провев.
- Санација на скршената врата во заедничкиот тоалет кај собите.
- Санација на тушевите кои не се функционални.

# ЗАТВОР БИТОЛА

## Општи податоци

Затворот Битола е казнено-поправна установа од полуотворен вид во која се извршува казната затвор во траење до три години, како и казната затвор до една година за повторници порано осудувани на казна затвор. Во затворот има притворско одделение.

Мониторинг-тимот на 4 септември 2020 година спроведе еднодневна посета во Затворот Битола.

Од страна на заменик-директорот бевме информирани дека сѐ уште се чека одобрение од страна на Министерството за транспорт и врски за пуштање во функција на затворот и со тоа преместување на осудените лица од објектот каде се привремено сместени во новиот објект на затворот во Битола.

## Материјални услови и остварување на правата на осудените лица

Оваа година е завршена реконструкцијата на Затворот Битола што беше финансирана од страна на Европската Унија. Реконструкцијата опфати градежни работи и комплетно нов распоред на спалните соби, при што се намали бројот на осудени лица што престојуваат во една соба, како и комплетно опремување на просториите каде ќе престојуваат осудените лица. Секоја спална соба има сопствена бања, маса со столици, телевизори, нови постелнини и сет за одржување на личната хигиена. Новиот систем за греење и ладење, исто така, ќе ги подобри условите за престој во затворот, како на осудените и притворените лица така и на вработените, а затворската полиција доби комплетно нов систем за надзор на осудените лица. Покрај спалните соби, ги посетивме и просториите кои се наменети за библиотека, теретана, кујна, трпезарија, перално, магацин за ладење на храна, ТВ-сала и амбуланта која има пристап за кревет со тркала и две простории за верски обреди.

Во реконструираниот дел на Затворот во кој моментално сѐ уште не се сместени осудени и притворени лица има капацитет за сместување на 83 лица. Во Затворот има приемно одделение со капацитет за 7 лица, отворено одделение со капацитет од пет соби за околу 50 лица, затворено одделение со капацитет за околу 30 лица и притворско одделение со пет соби со капацитет за околу 30 лица.

Покрај тоа што сите соби се реконструирани со најнов мебел, систем за ладење и греење, аларм за повикување во случај на итност, забележавме дека тоалетите не се направени на соодветен начин. Имено, тоалетите не се заградени и од нив покрај тоа што ќе се шири миризба, лицето ќе ја

нема потребната приватност, бидејќи во собата креветите се на два ката, па доколку некој се наоѓа на креветот на кат ќе може да го гледа лицето кое е во тоалетот.

Иако, системот за ладење и греење е соодветно поставен, забележавме дека прозорите во собите се отвораат минимално поради што лицата нема да бидат во можност да прават провев во собата. Во врска со забелешките тимот доби одговор дека реконструкцијата е извршена согласно со меѓународните стандарди и ги имаат предвид заштитата на човековите права на осудените лица.

Шеталиштето на Затворот беше празен простор, преграден со висок бетонски ѕид, а во самото шеталиште беше поставен кош. Од наша страна беше забележано и укажано на тоа дека е потребно да бидат поставени дополнителни реквизити за да можат осудените лица продуктивно да го поминуваат своето слободно време.

Делот во кој моментално се сместени осудените лица се наоѓа на неколку километри од реконструираниот дел на Затворот. Моментално таму казна затвор издржуваат 16 лица, од можен капацитет за 24 лица. Просторот има шест соби и беше затекнат во лоши хигиенски услови со стар мебел. Осудените лица истакнаа дека не добиваат хигиенски пакети.

Иако во тој дел има обработлива земјоделска површина и фарма на која осудените лица можат да бидат работно ангажирани, во моментот на посетата не затекнавме работници кои работеа. Во затворот се вработени 54 лица, од кои 25 се припадници на затворската полиција. Има вработено едно лице во тимот за ресоцијализација и нема вработено ниту еден правник.

## Здравствена заштита

Здравствената заштита во Затворот Битола се обезбедува преку повик на Итната медицинска помош. Во Затворот нема вработено доктор, ниту пак има амбуланта каде би можеле да бидат извршени здравствени прегледи.

## Поплаки од затвореници и пружање правна помош

Во рамки на посетата, тимот разговараше со пет осудени лица на кои им беше обезбедена директна правна помош.

Правните прашања се однесуваа на погодност на осудено лице - користење викенд од страна на осудено лице, користење правен лек од страна на осудено лице во врска со решение со кое е изречена дисциплинска мерка, користење здравствена заштита.

Осудено лице побара правен совет во врска со правните механизми за заштита на своите права, односно, поконкретно, изрази загриженост во

врска со проследувањето на неговите барања до Управата за извршување на санкции поради тоа што не му е даден примерок или каков било друг доказ за поднесување на барањето.

Осудено лице со видно нарушена психичка здравствена состојба се наоѓа на издржување казна затвор во Затворот Битола. За лицето се грижат осудените лица и затворската полиција кои го пресоблекуваат и му ја даваат медицинската терапија пропишана од доктор психијатар. Од страна на затворската полиција бевме информирани дека здравствената состојба на лицето не е редовно следена од страна на стручно медицинско лице поради што постои загриженост и дека терапијата која моментално ја прима не е соодветна на неговата здравствена состојба.

## Препораки

- Заградување на тоалетите во реновираниот дел од Затворот со цел превенција од ширење непријатна миризба во собата и заштита на приватноста на осудените лица.
- Итно преместување на осудените лица од привремениот објект во Затворот и навремено уредување на просторот во новиот објект за прошетка и релаксација на осудените лица.
- Да се подобри пристапот на осудените лица до доктор и здравствена заштита и да се обезбедат почести посети на доктор во установата особено поради фактот што во установата е сместено лице кое е со видно нарушена психичка состојба за кое се грижат осудените лица.
- Да се обезбедат хигиенски пакети за сите осудени лица.

# ЗАТВОР ГЕВГЕЛИЈА

## Општи податоци

Затворот Гевгелија е казнено-поправна установа од полуотворен тип во која се извршува казната затвор во траење до три години, како и казната затвор до една година за повторници порано осудувани на казна затвор. Во Затворот има притворско одделение.

На 24 август 2020 година беше остварена еднодневна посета на Затворот Гевгелија. Капацитетот на Затворот Гевгелија изнесува 43 легла за осудени лица и 12 за притворени лица. Во моментот на посетата, присутни беа 24 осудени лица и 3 притворени лица.

## Материјални услови и остварување на правата на осудените лица

Во поглед на просторните капацитети, материјалните услови и хигиената, истите беа во голем дел задоволителни. Затворот располага со 54 легла во полуотвореното и отвореното одделение, три легла во затвореното одделение, четири легла во приемното одделение и една соба за изолација каде има пет легла.

Директорот истакна дека се стреми што поголем број од осудените лица да прогресираат  и да бидат вклучени во работни активности во затворот и работен ангажман надвор од затворот. Затворот располага со стопанска единица, којашто произведува добиточна храна и свињарник, во која се ангажирани две осудени лица. Понатаму, три лица се ангажирани во кујната, двајца на капија, двајца во котларницата во зимскиот период, а надвор од установата се ангажирани осум лица кои примаат 15 % од вкупната сума.

Во однос на контактите со надворешниот свет, затворот има една телефонска говорница, а вработените информираат дека честопати овозможуваат осудените лица да ги користат нивните службени телефони за да можат да контактираат со нивните семејства. Посети се остваруваат двапати месечно, а по барање на осуденото лице, покрај семејството, посети можат да остварат и пријатели по претходна дозвола на директорот.

## Здравствена заштита

Затворот нема постојан затворски лекар кој обезбедува здравствена заштита на осудените лица. Затворот има лекарска соба за прегледи каде секој вторник и петок доаѓа доктор, а има склучено договор со стоматолошка приватна ординација за обезбедување стоматолошки услуги.

### Поплаки од затвореници и пружање правна помош

Осудените лица не изразија желба да разговараат со мониторинг-тимот.

### Препораки

- Во договор со ЈЗУ Гевгелија да обезбедат почести посети на лекар во установата (3 пати неделно) за да можат осудените лица навремено да пријават симптоми на КОВИД-19.

# ЗАТВОР КУМАНОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО КРИВА ПАЛАНКА

## Општи податоци

Затворот Куманово е казнено-поправна установа од полуотворен вид во која се извршува казната затвор во траење до три години, како и казната затвор до една година за повторници порано осудувани на казна затвор. Во Затворот има притворско одделение.

Мониторинг-тимот на 15 септември 2020 година спроведе еднодневна посета во Затворот Куманово.

Капацитетот на Затворот Куманово изнесува 226 лица, 178 осудени и 48 притворени лица. Во моментот на посетата бројот на осудени лица изнесуваше 97, од кои 5 лица се во бегство и 18 се притворени.

Во установата има и посебно крило каде се сместени странски државјани чија бројка во моментот на посетата беше 30. Странските државјани издржуваат казна затвор до три години. Во затворот има затворено и полуотворено одделение, а отвореното одделение се наоѓа во Крива Паланка.

Во затворот има 75 припадници на затворската полиција, од кои седум се жени. Во установата има вработено двајца правници, четири воспитувачи, еден медицински техничар и еден готвач, а во договор со Меѓународниот славјански универзитет во посета на установата доаѓаат млади правници и психолози.

## Материјални услови и остварување на правата на осудените лица

Во установата има полуотворено, затворено, приемно и притворско одделение. Полуотвореното одделение има 14 соби, а во моментот на посетата таму беа сместени 50 лица. Во затвореното одделение беа сместени вкупно девет лица, а во приемното одделение три лица.

Во речиси сите простории беше забележано многу ниско ниво на хигиена, влага, оштетени ѕидови и тавани, мали прозори од каде речиси едвај влегува дневна светлина, како и слаба светлина од поставените светилки. Собите се опремени со кревети на кат, со нечисти душеци и постелнини и тоалет, а личните предмети осудените лица најчесто ги чуваат на слободните кревети или на масите, бидејќи нема орманчиња.

Во секое одделение имаше просторија за заеднички активности опремена со тоалет која од страна на осудените лица се употребува само за пушење цигари и вршење физиолошки потреби.

Клучен проблем во установата сè уште е недостигот на вода. Имено, установата со помош на компанија која се наоѓа во близина на установата

го има само делумно решено овој проблем така што во затворот моментално има вода само во заедничките тоалети, но не и во собите. Поради ова, хигиената во затворот е на многу ниско ниво, а речиси од сите простории се шири непријатна миризба. Осудените лица истакнаа дека немаат ниту вода за пиење.

Заедничките тоалети се, исто така, во лоша состојба, па така во тоалетот што е за странци и за лицата кои се наоѓаат во затвореното одделение во функција е само еден туш. Во другиот заеднички тоалет во функција се само два туша. За потсетување, затворот има капацитет за 226 лица.

Просториите каде се сместуваат лицата во самица беа затекнати во многу лоша состојба, со многу ниско ниво на хигиена, непријатна миризба, нечисти душеци и присуство на влага. Во просториите за самица осудените лица не се во можност сами да вклучат и исклучат светло, односно системот за управување со светлото е контролиран од страна на службените лица.

Шеталиштето што е наменето за лицата сместени во самица, затворено и притворско одделение е простор заграден со бетонски ѕид во кој има само фудбалски гол поради што беше истакнато дека овие лица немаат можност продуктивно да го поминуваат своето слободно време надвор.

Во Затворот има и простории што служат за: кујна, трпезарија, работилница, училница, соба за верски обреди, библиотека, теретана и две простории за посета на осудени и притворени лица и пералница.

Шеталиштето за лицата во полуотвореното одделение е широк простор во кој има игралиште за кошарка.

Од причина што телефонските говорници во Затворот не функционираат, од страна на установата се набавени четири мобилни телефони кои осудените лица ги имаат на располагање секој ден во период од 8 до 16 часот. Мобилните телефони се наоѓаат кај воспитувачите и на нив е инсталирана апликацијата Вајбер за да можат странските државјани непречено да остваруваат контакти со блиските.

Во поглед на работниот ангажман на осудените лица, директорот истакна дека работно се ангажирани 90 % од вкупниот број затвореници. Најголем дел од нив се ангажирани во рамки на затворот, и тоа во кујната, за одржување на хигиената и за редарство, а 10-мина од нив се ангажирани надвор од установата.

## Здравствена заштита

Здравствената заштита во Затворот се обезбедува преку медицински техничар кој е вработен во установата со полно работно време. Доктор

доаѓа во посета на Затворот двапати неделно, а стоматолог еднаш на две недели. Во Затворот нема вработено психијатар. Во установата има амбуланта за преглед на осудените лица и стоматолошка ординација. Во моментот на посетата неколку осудени лица чекаа ред во чекалницата за преглед во амбулантата. Од страна на медицинскиот техничар бевме информирани дека ги имаат на располагање сите потребни лекарства и дека постојано издаваат упати за преглед кај специјалист на осудените лица, кога за тоа има потреба.

## Поплаки од затвореници и пружање правна помош

Во рамките на посетата на петмина осудени лица им беше обезбедена директна правна помош во врска со определено правно прашање и беа запознаени со механизмите за заштита од тортура и нехуман третман.

Двајца странски државјани истакнаа дека поради тоа што се странски државјани не користат погодности. И двајцата побараа информации во врска со условите и постапката за трансфер во матичните држави за да го издржат остатокот од казната.

Сите осудени лица се пожалија дека одржувањето на хигиената е на ниско ниво поради недостаток на вода во ќелиите.

Двајца од осудените лица побараа информации за предвремено пуштање од установата со одлука за условен отпуст.

Едно од осудените лица имаше потреба од стоматолог за што чека подолг период, но од страна на установата бевме информирани дека чекањето е резултат на почитување на протоколите за спречување на пандемијата предизвикана од КОВИД-19, но дека истиот брзо ќе биде спроведен во стоматолошка ординација.

## Препораки

- Изнаоѓање долготрајно решение за проблемот со водоснабдувањето, што во услови на пандемија од КОВИД-19 може дополнително да се смета како средство за нехуман третман кон осудените лица и може да придонесе за нарушување на нивната здравствена состојба и ментално здравје.
- Да се воспостави систем за контролирање на светлото во самиците, бидејќи истиот е под контрола на службените лица.
- Опремување на шеталиштето со реквизити за осудените лица во самица, во затвореното одделение и во притворското одделение.
- Работно ангажирање на осудените лица во рамки на Затворот.

# ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО КРИВА ПАЛАНКА ВО РАМКИ НА ЗАТВОРОТ КУМАНОВО

## Општи податоци

Мониторинг-тимот на 25 септември 2020 година спроведе еднодневна посета во Отвореното одделение на Затворот Куманово во Крива Паланка.

Отвореното одделение на Затворот Куманово се наоѓа во стар објект на два ката во Крива Паланка. Објектот има капацитет за 23 лица, а во моментот на посетата во Затворот казна затвор издржуваа 4 лица. Еден од осудениците е работно ангажиран во кујната, еден го ангажираат по потреба, додека другите двајца не се во состојба да бидат работно ангажирани поради возраста и здравствената состојба.

Во установата има вкупно седуммина вработени, од кои петмина се униформирани полициски службеници, а двајца се вработени во административниот дел. Ресоцијализацијата во Отвореното одделение на Затворот Куманово во Крива Паланка ја спроведува раководителот на одделението кој истакна дека поради малата бројка осуденици, ресоцијализацијата се спроведува преку индивидуална работа со лицата, а интензитетот зависи од потребите.

## Материјални услови и остварување на правата на осудените лица

Во установата има вкупно четири соби. Во моментот на посетата казна затвор издржуваа четири лица кои беа сместени во две соби. Просториите беа релативно уредни, со големи прозори од каде влегува дневна светлина. Собите беа уредени со кревети и ормани за чување на лични работи.

На горниот кат има заеднички тоалет што беше со многу ниско ниво на хигиена. Како позитивна работа од страна на раководителот беше истакнато дека во изминатиот период е извршена санација на истиот, односно се поставени нови плочки. Во тоалетот има и огледало кое на краевите беше скршено и претставуваше можност за (само)повредување. По направена забелешка на мониторинг-тимот огледалото беше отстрането.

Кујната и трпезаријата каде се служи храна беа релативно уредни и чисти, а во трпезаријата беше забележано дека има сандаче за примање поплаки до Народниот правобранител кое беше отклучено.

Во надворешниот дел на установата, односно на вториот кат е потребно итно да се постави заштитна ограда, во спротивно безбедноста на осудените и службените лица во установата и понатаму ќе биде со ризик.

Теретаната во установата е со импровизирани справи поради што постои ризик за повредување на осудените лица.

## Здравствена заштита

Отвореното одделение на КПУ Куманово во Крива Паланка не располага со ниту едно службено возило. Во установата има возила што не се во функција и едно возило што моментално е со кумановска регистрација поради што се чека истек на регистрацијата за да може тоа да биде регистрирано и користено од страна на службените лица во Затворот Крива Паланка. Поради тоа, вработените во установата за службени потреби ги користат своите приватни возила кои најчесто се употребуваат за трансфер на осудените лица во Здравствениот дом, бидејќи во установата нема вработено доктор.

Раководителот на одделението истакна дека терапијата на осудените лица се дели на начин што тие се потпишуваат при подигање на лекарствата.

## Поплаки од затвореници и пружање правна помош

Во рамките на посетата на три осудени лица им беше обезбедена директна правна помош во врска со определено правно прашање и лицата се запознаени со механизмите за заштита од тортура и нехуман третман.

Едно од осудените лица нѐ информираше дека првпат издржува казна затвор и не е запознаен со законите, поради што се јавува потреба службените лица да ги запознаат осудениците со нивните права и обврски, а тоа може да го сторат и со истакнување на нивните права преку постери и брошури во просториите на установата.

## Препораки

- Санација на заедничкиот тоалет.
- Поставување на заштитна ограда во надворешниот дел од вториот кат.
- Поставување клуч на сандачето за прием на поплаки до Народниот правобранител.
- Ангажирање доктор во установата.
- Информирање на осудените лица за нивните права преку брошури, постери и слично, кои ќе бидат истакнати на видни места во установата.
- Со помош на локалната самоуправа е потребна санација на патот пред самиот влез на установата кој е всушност мост со дрвени штици над самата река и претставува опасност за безбедноста на сите луѓе кои минуваат преку него.

# ЗАТВОР ОХРИД / ВОСПИТНО-ПОПРАВЕН ДОМ ТЕТОВО

## Општи податоци

Согласно со мрежата на казнено-поправни установи во Република Северна Македонија, Затворот Охрид функционира како установа во која се извршува казната затвор за деца. Во Затворот Охрид се упатуваат помлади полнолетни и малолетни машки лица осудени со правосилна пресуда на казна затвор за деца.

Исто така, во моментов во Затворот Охрид се сместени и децата штитеници на Воспитно-поправниот дом Тетово на кои им е изречена воспитно-поправна мерка упатување во воспитно-поправен дом согласно со Законот за правда за децата.[6]

Во установата има и притворско одделение.

Мониторинг-тимот на 11 септември 2020 година спроведе еднодневна посета во Затворот Охрид. Дополнителна посета на затворот беше спроведена на 1 октомври. Во согласност со методологијата за мониторинг-посети беше остварен разговор со директорот на Затворот, по што следуваше увид во просториите во затворот и беа спроведени индивидуални интервјуа со децата.

Затворот Охрид има капацитет за 18 лица во притворскиот дел и 35 лица во останатиот дел. Во моментот на посетата, казна затвор за деца издржуваа 5 лица, додека мерка упатување во воспитно-поправен дом издржуваа десет деца.

Во Затворот Охрид се вработени 23 припадници на затворската полиција, од кои само 2 се жени, додека, пак, установата располага со само 2 воспитувачки кои работат со децата.

## Материјални услови и остварување на правата на осудените лица

Во поглед на просторните капацитети и хигиената, децата се одделени во различни блокови во зависност од тоа дали издржуваат казна затвор или мерка упатување во воспитно-поправен дом.

Во установата има вкупно шест соби во делот за издржување на казна затвор и воспитно-поправна мерка упатување во воспитно-поправен дом. Собите се опремени со кревети, орманчиња, телевизори и големи прозори од каде влегува дневна светлина. Во речиси сите соби беше забележана влага, оштетени душеци и руинирани ѕидови.

[6] Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2013 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/2019 и 275/2019).

Од страна на директорот беше истакнато дека со помош на донации се набавени повеќе телевизори, но тие честопати се уништувани од страна на децата.

Во установата има и импровизирана теретана, за која дел од децата истакнаа загриженост дека би можеле да се повредат поради неисправноста на справите.

Заедничкиот тоалет има три туша кои се во лоша состојба и без завеси.

Во однос на исхраната, во установата има вработено готвач на кој му помагаат дел од децата. Некои од децата истакнаа дека не се задоволни од храната поради што во повеќе наврати се имаат пожалено на директорот на установата.

Кога станува збор за програмите за третман и слободните активности, од посетата беше констатирано дека децата лишени од слобода немаат соодветни услови за спроведување активности и програми за образование, спорт, рекреација, вокациски активности. Дворот на установата каде децата го поминуваат времето надвор од собите е бетониран и поделен со лимена ограда, разделувајќи ги двете категории деца лишени од слобода. Дворот не е опремен за да им овозможи на децата лишени од слобода рекреативни активности, а истите забележаа дека немаат ниту топки за да можат да играат кошарка, фудбал итн.

Во установата има вработено само две воспитувачки, односно според моменталната состојба, има една воспитувачка на седум деца лишени од слобода кои работат во две смени, од 7:30 до 15:30 часот и од 15:30 до 20:30 часот. Воспитувачките истакнаа дека не можат да постигнат да посветат доволно внимание на сите деца. Тие со децата работат само индивидуална работа, а групни работи и активности има многу малку. Директорот истакна дека изминативе три години претставници од Центарот за социјална работа дошле само двапати во установата, а судии никогаш не дошле.

Во поглед на пристапот до образование, беше констатирано дека до март 2020 година пред прогласување на вонредната состојба предизвикана од КОВИД-19, во установата се одржувала настава по македонски јазик, англиски јазик и математика. Наставници по овие предмети доаѓале трипати неделно во училиштето. По прогласување на вонредната состојба, децата продолжиле да следат онлајн настава по овие предмети трипати во неделата. Наставата ја следеле преку еден компјутер кој бил поврзан на телевизор. Научната содржина која била изучувана од страна на лицата била наменета за основно образование, а за средно образование воопшто немало настава, што го забележавме како недостаток, бидејќи 90 % од лицата во установата се полнолетни, па некои од нив воопшто не ја ни следеле наставата.  По завршување на наставата, лицата со физичко присуство полагале испити по наставните предмети во просториите на установата. Забележано беше дека во установата нема библиотека, за што

директорот наведе дека дел од лицата не се писмени за да читаат.

Во однос на контактите со надворешниот свет, директорот на установата истакна дека децата лишени од слобода ретко се посетувани од страна на нивните семејства и истакна загриженост за ваквата состојба. Децата нѐ информираа дека во установата има телефонска говорница која не е во исправна состојба, па така додека тие успеат да ги контактираат своите блиски, трошат многу повеќе од својот кредит што сами си го плаќаат.

## Здравствена заштита

Во однос на здравствената заштита на децата, беше истакнато дека во установата нема постојан медицински персонал. Директорот информираше дека еднаш неделно во Затворот доаѓа доктор по општа медицина. Доколку некое дете осудено лице, односно лице кое издржува воспитно-поправна мерка има потреба од психијатар или стоматолог, се упатува надвор од установата.

## Поплаки од деца кои издржуваат казна затвор или им е изречена мерка упатување во воспитно-поправен дом и пружање правна помош

Во рамките на посетата, на четири деца кои издржуваат казна затвор и шест деца кои издржуваат мерка упатување во воспитно-поправен дом им беше обезбедена директна правна помош во врска со определено правно прашање и беа запознаени со механизмите за заштита од тортура и нехуман третман.

Како генерална забелешка од страна на поголемиот дел од децата со кои е разговарано, како и со службените лица во установата е тоа дека објектот не ги исполнува условите за оваа намена. Децата немаат простории за физички активности, освен теретаната која е во лоша состојба и фудбалскиот терен кој е поделен на половина, каде едниот дел е за децата кои издржуваат казна затвор, а другиот дел за децата кои издржуваат воспитно-поправна мерка упатување во воспитно-поправен дом.

Тимот на Хелсиншкиот комитет за човекови права и Македонското здружение на млади правници забележа дека за децата нема услови за алтернативно сместување и/или начин на избегнување контакти во самата установа, кои се потребни да се обезбедат од страна на установата во услови на пандемија. Единствено алтернативно сместување е изолациониот дел кој се наоѓа кај притворскиот дел каде лицата поради безбедност можат да бидат сместени најмногу седум дена. За време на посетата не ни беше дозволено да извршиме увид во тие простории. Образложението на директорот на установата е дека за тоа е потребна судска одлука.

Две осудени лица на казна затвор за деца пријавија дека врз нив е применето физичко насилство од страна на припадник на затворската полиција. На лицата им била удирана главата од вратата на ќелијата, удирани се со француски клуч и по грбот со одреден предмет. Истите покажаа видливи повреди на грбот што се индиции дека претрпеле насилство. Имало и случаи во претходниот период, по што им била укажана медицинска помош од страна на доктор. Пријавиле на неколку наврати до директорот дека претрпеле насилство, но досега без некој посебен резултат. Дополнително, за време на разговорот истите побараа веднаш да се повика доктор, бидејќи ден претходно претрпеле насилство и не се чувствуваа добро. Истото за време на посетата не им беше овозможено со објаснување дека ја смениле изјавата и дека не им треба повеќе доктор.

На повремено насилство и употреба на сила од страна на затворската полиција се пожалија и некои од другите лица. Истите не пријавиле поради страв дека во иднина ќе се соочат со зголемено насилство. Тимот на Македонското здружение на млади правници и Хелсиншкиот комитет за човекови права ја известија Управата за извршување на санкции да преземе вонреден надзор со цел испитување на околностите на случајот и преземање на соодветни мерки доколку станува збор за тортура и нечовечко однесување спрема дете.

По пријавеното насилство врз децата до Управата за извршување на санкции, на 16 септември 2020 година во билтенот на МВР е објавено следното: „На 15 септември 2020 година во 10:45 часот во СВР Охрид, вработен во казнено-поправната установа Затвор Охрид, заедно со 19-годишник од Струмица кој издржува казна во затворот, пријавиле дека на 9 септември 2020 година околу 3:00 часот, во собата на 19-годишникот насилно влегле осудениците Ч. и С. и се обиделе да извршат обљуба врз него. За настанот бил запознаен јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот." За истиот настан воопшто не беше известен тимот за време на посетата спроведена на 13 септември 2020. Напротив, тимот беше известен дека во претходниот период немало некои значителни проблеми, а нема ниту поплаки од некои лица за прекумерна употреба на сила од страна на затворската полиција.

На дополнителната посета на 1 октомври 2020 година се утврди дека едно од децата кое во меѓувреме станало полнолетно е префрлено во КПД Штип, а другото дете ја смени претходно дадената изјава и укажа дека повредите си ги направиле еден на друг за да ја префрлат вината на установата.[7]

Апелираме да се испита случајот и да се преземат соодветни мерки бидејќи доколку со сите лица што ќе пријават насилство се реагира на

[7] На ден 9 октомври 2020 година, уредно е закажана дополнителна посета во КПД Штип за да се спроведе разговор со лицето кое е преместено. На ден 6 октомври 2020 година од страна на директорот на КПД Штип сме информирани дека установата ги забранува сите посети за определено време поради заболен вработен и осудено лице од КОВИД-19. Доколку станува збор за итна посета информирани сме дека постои можност да се спроведе разговор со лицето преку видеоконференциска врска.

ваков начин, тогаш се доведува во прашање и целиот систем за пријавување и борба против тортура и нечовечко постапување по казнено-поправните установи.

Во установата има и едно дете кое издржува воспитно-поправна мерка упатување во воспитно-поправен дом и е лице со интелектуална попреченост за кое е потребна посебна нега. Истиот повремено трпи физичко и психичко насилство од другите лица кои издржуваат мерка во установата.

## Препораки

- Преземање активности за сместување на децата кои издржуваат казна затвор за деца во објект што ќе одговара на нивните потреби согласно со меѓународните стандарди.

## До преместување на децата во други објекти потребно е:

- Спроведување почести вонредни надзори во установата од страна на Управата за извршување на санкции.
- Ангажирање доктор во установата кој редовно ќе ја следи психофизичката состојба на децата.
- Ангажирање психијатар во установата.
- Воведување и спроведување настава за основно и средно образование.
- Обезбедување услови за спорт, рекреација и култура на децата.
- Санација на заедничките тоалети.
- Евидентирање на сите случаи на примена на сила и средства за присилба, односно и оние кои се настанати во меѓусебна тепачка помеѓу лицата лишени од слобода и нивно адресирање до надлежните институции.

# ЗАТВОР СКОПЈЕ

## Општи податоци

Затворот Скопје е установа од полуотворен вид во која се извршува казна затвор во траење до три години, како и казна затвор до една година за осудени лица за кривични дела извршени во повтрат. Во затворот има притворско одделение што претставува најголемо притворско одделение во државата.

На 4 август 2020 година беше остварена еднодневна посета на Затворот Скопје. Дополнителна посета за обезбедување правна помош на осудени лица е спроведена на 29 септември 2020 година. Во поглед на бројната состојба и капацитетот на установата, од разговорот со раководителот на секторот за ресоцијализација беше утврдено дека затворот има капацитет од 310 легла за лицата кои издржуваат мерка притвор и 128 легла за осудени лица. Во моментот на посетата беа затекнати 205 притворени лица (од кои 10 жени притвореннички) и 82 лица кои издржуваат казна затвор.

## Материјални услови и остварување на правата на осудените лица

Во поглед на просторните капацитети, материјалните услови и хигиената, влага, миризба, храна и несоодветна вентилација е појава присутна во голем дел од просториите што беа посетени. Десет простории во притворското одделение „Б-павилјон" беа реновирани преку донации собрани од страна на директорот на установата.

За време на посетата, директорот информираше дека осудените лица имаат работен ангажман, и тоа најчесто на одржување на хигиената во затворот (редари и сл.). Затворот има вработено двајца инструктори, еден инструктор за столарство и еден инструктор за браварство. За жал, проблемот со неактивност на постоечките ресурси за работен ангажман на осудените лица како што се автомеханичарската работилница, земјоделие во економската единица на затворот и кујната сѐ уште опстојува.

## Здравствена заштита

Во однос на здравствената заштита, Затворот Скопје во моментот на посетата располага со две медицински сестри, еден доктор по општа медицина, еден психијатар и еден психолог. Беше истакнато дека главниот проблем во поглед на здравствената заштита е пристапот до стоматолошки услуги, за што има најмногу поплаки од страна на осудените лица.

## Поплаки од затвореници и пружање правна помош

Во рамките на посетата, на осум осудени лица им беше обезбедена директна правна помош во врска со определено правно прашање и беа запознаени со механизмите за заштита од тортура и нехуман третман.

Како генерална поплака од страна на осудените лица беше истакнато доцнењето на исплата на надоместокот за работа, што им следи на осудените лица согласно со член 31 од Правилникот за куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа.

Од страна на неколку осудени лица кои се лекуваат со метадонска терапија беше истакнато дека поради тоа што нивната терапија им се дели јавно пред другите затвореници, тие се изложени на лош третман од страна на другите затвореници и се повредува нивното право на приватност. Установата треба да има предвид да се заштити правото на приватност на осудените лица и да им се даде терапијата на место каде ќе се почитува анонимноста на лицата. Дополнително, истакнаа дека во Затворот добар дел од лицата кои се на метадонска терапија се работно ангажирани на чистење на тоалети и подови, отпадоци и сл., иако некои од нив имаат и занаетчиски способности што би можеле да се користат од страна на установата. Установата треба да ја има предвид стручната подготовка на осудените лица за да се ангажираат согласно на нивните способности и соодветно на нивните капацитети.

Следна поплака што беше истакната од некои од осудените лица е дека за поднесување на барања за условен отпуст од страна на установата се чека подолг период и дека од страна на судовите не се зема предвид нивната здравствена состојба, како и другите околности, и како резултат на тоа најчесто овие барања се одбиени.

Беа истакнати поплаки во однос на храната од страна на повеќе осудени лица кои не беа задоволни од истата.

На дополнителната посета одржана на 29 септември 2020 година на пет осудени лица им беше обезбедена директна правна помош во врска со определено правно прашање и се запознаени со механизмите за заштита од тортура и нехуман третман.

На дополнителната посета неколку осудени лица истакнаа дека се соочуваат со проблем во врска со здравствената заштита и истите од страна на установата не се пријавени во Фондот за здравствено осигурување. Двајца осуденици се пожалија дека кога посетиле доктор при користење на погодност - отсуство од установата, им било наплатено приватно, бидејќи не биле здравствено осигурени. Од страна на установата бевме известени дека технички е невозможно да се

пријавуваат осудени лица кои се примени во установата пред 1 јули 2019 година, што претставува голем проблем за нив и за нивното право на здравствено осигурување.

## Препораки

- Соодветно опремување и одржување на просториите со цел истите да можат да ги исполнуваат условите потребни за издржување казна затвор на осудените лица.
- Работно ангажирање на осудените лица во рамки на Затворот користејќи ги постоечките ресурси.
- Да се направат напори за ангажирање стоматолог во Затворот.
- Заштита на приватноста на осудените лица во врска со користење на медицинската терапија.

# ЗАТВОР СТРУМИЦА

## Општи податоци

Затворот Струмица е установа од полуотворен вид во која се извршува казната затвор во траење до три години, како и казната затвор до една година за повторници порано осудувани на казна затвор. Во затворот казна затвор издржуваат лица од: Струмица, Кочани, Штип, Виница, Делчево, Берово и Радовиш.

На 20 август 2020 година беше остварена теренска посета во Затворот Струмица.

Вкупниот капацитет на Затворот Струмица изнесува 77 лица. Во моментот на посетата присутни беа 59 лица, распоредени во А, Б и В третман.

## Материјални услови и остварување на правата на осудените лица

Во однос на просторните капацитети, материјалните услови и хигиената, сите простории се опремени со кревети на кат, маса и столчиња и метални шкафчиња наменети за чување на личните предмети на осудените лица. Во секоја просторија има телевизори, што ги имаат донесено осудените лица. Во сите ќелии има доволно светлина, со големи прозори и со тоа се овозможува вентилација и проветрување.

Во ќелиите не мириса на влага. Директорот нè информираше дека ѕидовите биле бојадисани еден месец пред нашата посета. Постелнината на креветите е чиста, душеците се во добра состојба. За хигиената во ќелиите се грижат осудените лица и во моментот на посетата чистотата беше на задоволително ниво.

На катот каде се ќелиите има два тоалета со по три мијалника и три санитарни јазли, каде се чувствуваше мирис на влага и хигиената беше на ниско ниво. За одржување на хигиената во овие простории се грижат осудените лица. Во тоалетите, од страна на осудените лица беа обележани чешмите од кои може да се пие вода.

Затворот располага и со пералница, каде работно е ангажирано едно осудено лице.

Во Затворот има и просторија за одржување на парното, каде се сместени три осудени лица кои спијат веднаш до парното од каде се чувствува мирис на нафта. Во просторијата немаше добра вентилација за прочистување на воздухот.

Во поглед на слободните активности и работниот ангажман на осудените лица, дворот е со доволно голема површина, имајќи го предвид бројот на осудени лица кои издржуваат казна затвор во Затворот Струмица.

Има трева, летниковци, игралиште и импровизирана теретана. Во дворот на Затворот има и фарма, за која се грижи осудено лице. Во поглед на контактите со надворешниот свет, посетите се одржуваат во просторија наменета за посета, во дворот на затворот, од 10 до 14 часот.

Мониторинг-тимот не забележа телефонски говорници во Затворот Струмица.

## Здравствена заштита

Здравствената заштита се обезбедува во Затворот на начин што доаѓаат еден доктор по општа медицина и медицинска сестра двапати неделно. Директорот на Затворот Струмица нè извести дека нема проблем со снабдување со лекови. Во Затворот Струмица нема стоматолошка ординација, трошоците за стоматолог ги сносат осудените лица. Во моментот на посетата, во затворот имаше тројца зависници кои се лекуваат со метадон. Дневната метадонска терапија им ја дава надзорникот, а метадонот се чува кај дежурните полициски службеници.

## Поплаки од затвореници и пружање правна помош

Осудените лица не изразија желба да разговараат со мониторинг-тимот.

## Препораки

- Обезбедување телефонска говорница со цел непречен контакт на осудените лица со надворешниот свет.
- Да се направат напори за ангажирање стоматолог и стоматолошките услуги да се на товар на установата, а не на осудените лица.

# ЗАТВОР ТЕТОВО

Затворот Тетово е установа од полуотворен вид во која се извршува казната затвор во траење до три години, како и казната затвор до една година за повторници порано осудувани на казна затвор. Во установата се основани отворено и затворено одделение.

Притворското одделение е затворено во 2018 година.

Во установата има една просторија која се користи како приемно одделение. Затворот не располага со посебна просторија за издржување на дисциплинска мерка – упатување во самица, па за спроведување на оваа мерка се користи просторија во приземниот дел на зградата, каде до 2018 година се наоѓал притворскиот дел.

На 13 август 2020 година беше остварена еднодневна посета во Затворот Тетово. Вкупниот капацитет на Затворот Тетово изнесува 48. Во моментот на посетата беа сместени 48 затвореници.

### Материјални услови и остварување на правата на осудените лица

Сите простории во установата се опремени со кревети на кат, масичка и стол и метални шкафчиња наменети за чување на личните предмети на осудените лица. Во секоја просторија има телевизори, што ги имаат донесено осудените лица. Во две од нив има LED-телевизори, а во останатите простории има постари телевизори. Во сите ќелии има доволно светлина што навлегува од два големи прозора, па со тоа се овозможува вентилација и проветрување.

Во ќелиите не мириса на влага, а ѕидовите се бојадисани. Постелнината на креветите е чиста, душеците се во добра состојба. За хигиената во ќелиите се грижат осудените лица и во моментот на посетата чистотата беше на задоволително ниво.

Во ходникот се чувствуваше мирис на влага. На катот каде се ќелиите има два тоалета со два мијалника и санитарни јазли, мириса на влага и е нечисто и студено.

Во надворешниот дел на затворот, каде се наоѓа дворот, е лоцирана просторија со три туш-кабини затворени со завеси и пералница. Во пералницата работно е ангажирано едно осудено лице. Просторијата е во лоша состојба, нечиста и студена. За одржување на хигиената во просторијата се задолжени осудените лица.

Во поглед на слободните активности и контактите со надворешниот свет, осудените лица ги користат ќелиите само за спиење, а останатиот дел од денот го поминуваат надвор во дворот на затворот. Дворот е со мала површина, имајќи го предвид бројот на осудени лица кои издржуваат казна затвор во Затворот Тетово. Во овој дел на Затворот се наоѓа и една

просторија што затворениците ја користат како теретана со справи кои сами ги имаат направено. Затворениците имаат и една просторија која ја користат како библиотека, но истата е слабо опремена со книги. Во моментот на посетата, во таа просторија неколку осудени лица играа шах. Во оваа просторија се наоѓа и сандачето во кое осудените лица ги ставаат претставките до Народниот правобранител. До просторијата со туш-кабини и пералницата се наоѓа и просторија којашто функционира како кафетерија одржувана од осудено лице, каде осудените лица поминуваат поголем дел од времето.

Посебни простории наменети за посети нема. Посетите се одржуваат во дворот на затворот. Мониторинг-тимот не забележа телефонски говорници во Затворот Тетово, а беше констатирано дека осудените лица користат сопствени мобилни телефони и покрај тоа што внесувањето и користењето на мобилен телефон претставува дисциплинска повреда.

Околу 10 осудени лица се работно ангажирани во приватни фирми надвор од Затворот, во областа на угостителството, изработувањето мебел, медицински и стоматолошки ординации. Здравственото осигурување е обезбедено од Затворот, а фирмите не им ги исплаќаат останатите придонеси на работно ангажираните осудени лица.

## Здравствена заштита

Во однос на здравствената заштита, Затворот има еден доктор по општа медицина, кој е во установата секој ден од 7:30 до 15:30 часот и е достапен на повик до 22 часот. Доколку се јави потреба по 22 часот, доаѓа Итна медицинска помош. Во установата нема медицинска сестра. Просторијата што докторот ја користи за прегледи и обезбедување здравствена заштита е мала, има само еден кревет и две орманчиња за складирање на лековите.

## Поплаки од затвореници и пружање правна помош

Во рамките на посетата на 11 осудени лица им беше обезбедена директна правна помош во врска со определено правно прашање и се запознаени со механизмите за заштита од тортура и нехуман третман.

Како генерална поплака од страна на осудените лица беше истакната храната што се служи во установата. Имено, истата е несоодветна за лицата кои имаат срцеви заболувања, дијабетес и други хронични болести. Како дополнителен проблем се јавува тоа што и доколку храната се донесе однадвор во установата, нема услови за чување на истата поради недостаток на фрижидери. И другите лица кои не се со хронични болести се жалеа дека храната е неквалитетна и недоволна за осудените лица.

Исто така, како генерална поплака е пристапот на лицата до здравствена заштита поради тоа што истите не се пријавени во Фондот за здравствено осигурување. Од страна на установата бевме известени дека овој проблем

веќе е надминат и дека сите лица се пријавени за здравствено осигурување. Сепак, главниот проблем што беше истакнат од страна на осудените лица е дека речиси сите лекови се купуваат приватно и не се обезбедени од страна на установата, така што осудените лица се принудени да ги набават приватно. Ова претставува голем проблем за дел од осудените лица кои немаат доволни финансиски средства за купување на лековите.

Следно, беше истакната поплака во однос на одржувањето на хигиената во установата, односно на осудените лица ретко им се делат хигиенски средства. Како резултат на тоа, просториите се многу нечисти, што можеше да се увиди и на денот на посетата.

Дел од осудените лица бараа информации за постапката и условите за предвремено отпуштање преку условен отпуст и по одлука на директорот на установата. Истите истакнаа дека чекаат со месеци за одговор на поднесените барања за помилувања и за условен отпуст. Дополнително, дел од осудените лица кои имаа потреба од медицински интервенции побараа информации за условите за користење на прекин на казната.

Едно од осудените лица истакна дека тој треба да се јави на суд на одреден датум, а до него не стигнува поканата, ниту информации поради што треба да се појави на суд, дали во својство на обвинет, сведок или нешто друго. Од страна на установата бевме известени дека тоа е пропуст на судот кој писмата ги адресира само до установата која секако го носи осудениот на рочиштето, но бидејќи писмата не се адресирани до осуденото лице, истите не им се предаваат ним. Со ваквата пракса се повредува правото на осудените лица за примање пратки, писма и преписки со институции.

На 24 септември 2020 година, на девет осудени лица им е обезбедена директна правна помош од адвокат во рамките на проектот. Истите се запознаени со механизмите за заштита од тортура.

Седум од осудените лица побараа информации за предвремено отпуштање со одлука за условен отпуст. Едно осудено лице побара преместување во КПД Идризово.

## Препораки

- Опремување на шеталиштето на Затворот со реквизити кои ќе служат осудените лица попродуктивно да го поминуваат своето слободно време.
- Од страна на Затворот уредно и навремено да се пријавуваат сите лица во Фондот за здравствено осигурување за истите непречено да го остваруваат своето право на здравствена заштита.
- Забележано е ниско ниво на хигиена во голем дел од просториите на установата, поради што е потребно редовно набавување на хигиенски пакети за осудените лица за да се заштитат од ширење на КОВИД-19.

# ГЕНЕРАЛНИ ПРЕПОРАКИ

- Итно и неодложно преземање мерки од страна на Министерството за здравство за обезбедување непречен пристап до здравствена заштита на сите осудени лица.

- Обезбедување хигиенски пакети за осудените лица во сите установи и подобрување на хигиената во Затворот Тетово, Затворот Битола и Затворот Куманово, а со цел спречување ширење на КОВИД-19.

- Во случај на ограничување на физички контакти на осудените лица со надворешниот свет, Управата за извршување на санкции треба и натаму да продолжи со изнаоѓање на алтернативни начини за контакт на осудените лица со нивните блиски.

- Обезбедување простории за самоизолација на лицата кои ќе покажат симптоми на КОВИД-19 во рамките на секоја казнено-поправна и воспитно-поправна установа. Просториите треба да се во согласност со меѓународните стандарди.

- Евидентирање на сите пријави за тортура, малтретирање и нечовечко постапување спрема осудените лица, без разлика дали е тоа од страна на вработените лица во установата или меѓу осудените лица.

- Информирање на осудените лица за нивните права преку информативни летоци, постери, брошури и слично кои ќе бидат видно истакнати во сите казнено-поправни установи.

- Обезбедување соодветни материјални услови во установите со цел овозможување на хуман третман на осудените лица.

- Ангажирање соодветен кадар во установите во поглед на ресоцијализацијата и развивање и имплементирање на соодветни програми за ресоцијализација.

- Овозможување пристап до образование, особено за децата лишени од слобода (оваа година била спроведена настава само за основно образование во Затворот Охрид и ВПД Тетово кое функционираше во рамки на Затворот Охрид).

- Долготрајно решавање на проблемот со водоснабдувањето во Затворот Куманово имајќи го предвид фактот дека водата е основно човеково право, а немањето пристап до вода, особено во услови на пандемија, претставува живеење во нехумани услови за осудените лица.

- Преземање напори за работно ангажирање на осудените лица и развивање на работни вештини кои ќе им бидат од корист по истекот на издржување на казната затвор.

- Соработка помеѓу центрите за социјална работа и Агенцијата за вработување со цел постпенална помош на осудените лица.

- Обезбедување соодветни услови за децата кои издржуваат казна затвор во Затворот Охрид, кои моментално се спротивни на сите меѓународни стандарди. Потребно е отворање на сосема нов објект или преместување на децата во ВПД Волковија.

- Обучување и сензибилизирање на затворската полиција за работа со деца.

# АНЕКС 1 – ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА МОНИТОРИНГ-ПОСЕТИТЕ

| ДАТУМ | КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА ИЛИ ВОСПИТНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА | ПРИСУТНИ ЛИЦА |
|---|---|---|
| 10.08. | КПД Идризово | Сибел Амет<br>Арбен Гудачи |
| 21.08. (дополнителна посета) | КПД Идризово | Арбен Гудачи |
| 18.08. | КПД Штип | Арбен Гудачи<br>Ирена Здравкова |
| 14.09. (дополнителна посета) | КПД Штип | Ирена Здравкова |
| 03.09. | КПУ Затвор Прилеп | Арбен Гудачи, Ирена Здравкова, Сибел Амет Ина Џугуманова |
| 10.09. | КПУ Затвор Струга | Ина Џугуманова, Арбен Гудачи, Ирена Здравкова, Сибел Амет |
| 04.09. | КПУ Затвор Битола | Ина Џугуманова, Арбен Гудачи, Сибел Амет, Ирена Здравкова |
| 24.08. | КПУ Затвор Гевгелија | Сибел Амет,<br>Арбен Гудачи |
| 15.09. | КПД Куманово | Ина Џугуманова, Ирена Здравкова, Арбен Гудачи, Вилдан Дрпљанин |

| ДАТУМ | КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА ИЛИ ВОСПИТНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА | ПРИСУТНИ ЛИЦА |
|---|---|---|
| 25.09. | Отворено одделение на КПД Куманово – Крива Паланка | Ина Цугуманова, Арбен Гудачи |
| 11.09. | КПУ Затвор Охрид и Воспитно поправен дом Тетово во рамки на КПУ Затвор Охрид | Ина Цугуманова, Арбен Гудачи, Ирена Здравкова |
| 01.10. (дополнителна посета) | КПУ Затвор Охрид и Воспитно поправен дом Тетово во рамки на КПУ Затвор Охрид | Ина Цугуманова, Арбен Гудачи |
| 04.08. | КПУ Затвор Скопје | Арбен Гудачи Сибел Амет |
| 29.09. (дополнителна посета) | КПУ Затвор Скопје | Арбен Гудачи |
| 20.08. | КПУ Затвор Струга | Ина Цугуманова, Арбен Гудачи, Сибел Амет, Ирена Здравкова |
| 13.08. | КПУ Затвор Тетово | Сибел Амет, Арбен Гудачи |

*Дополнителните посети беа наменети за обезбедување на правна помош на осудените лица.

ПРВ ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА И УСЛОВИТЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПЕРИОД ОД 1 АВГУСТ ДО 1 ОКТОМВРИ 2020 ГОДИНА